Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на Општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е   З А   Ј А В Е Н   П О В И К**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица, со површина од 8,11ха.

Просторот на планскиот опфат е ограничен со осовините на следните сообраќајници: “Невена Стојкова”, “Моша Пијаде”, “Ванчо Китанов”, “Јане Сандански”, “Благој Јанков Мучето”, бул.“Ленинова”, “Сандо Масев”, “Ѓорче Петров”, “Герас Цунев”, “Јосиф Јосифовски Свештарот” и “Боро Џони”.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам, комунални работии градежно земјиште, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на Општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавна анкета ќе трае од 12.05.2022 година до 27.05.2022 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ во Струмица, на ден 19.05.2022 година во 11:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-3287/4
05.05.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов